**За студиската програма**

Професијата *библиотекар* е фактор на успех во секој општествен развоен план, бидејќи управувањето со информациските ресурси е основа за планирање и развој одделните општествени потсистеми без оглед на нивните специфики. Организирањето, презентирањето и размената на знаењата од сите области е сконцентрирано во библиотечните центри, а пристапот до тие знаења е раководен од страна на библиотекарите.

Со реализацијата на студиската програма за прв циклус академски студии по Библиотекарство се обезбедува стекнување компетенции од научното подрачје хуманистички науки. Современите пристапи кон учењето, што се предвидени во студиската програма, ќе ги воведат идните библиотекари во библиотекарското работење и во идентификувањето на можностите за унапредување и за развој на библиотечната дејност. Студентите ќе се оспособат да набавуваат, да селектираат, да организираат и да одржуваат библиотекарски и други информативни збирки, да ја организираат и да ја контролираат библиотекарската работа и постојано да обезбедуваат информации за корисниците. Студиската програма предвидува тековна реализација на практична настава во чии рамки, студентите, покрај библиотекарските вештини ќе развиваат и дигитални вештини и ќе се оспособуваат за електронско библиотечно работење во системот на локални записи и во други архиви од секторот за библиотечното информациско наследство.

Актуелноста и оригиналноста на првиот циклус студии по Библиотекарство на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје може да се согледа и во можноста за актуализација на педагошката димензија на работењето на библиотеките. Во методите за работа во училишните библиотеки се опфатени бројни аспекти на педагошка работа со учениците во функција на создавање стимулативна средина за учење во која библиотекарот не ја изведува наставата, но дава поддршка и нуди информациски ресурси за развој на критичкото мислење кај учениците. Станува збор за комуникациско и методско перцепирање на библиотеката во кое таа е инструмент за холистичко учење што се потпира врз креативни пристапи за користење различни извори на информации при решавање на проблеми од училишниот и од секојдневниот живот на учениците. Училишните библиотеки се главниот информациски училишен центар на кој треба да му се посвети поголемо педагошко, ресурно и методско внимание. Оттаму, зголемувањето на компетенциите на училишните библиотекари е еден од клучните фактори за подобрување на квалитетот во образованието и за зголемување на функционалната писменост на учениците.

Студиската програма за прв циклус студии по Библиотекарство е во согласност со општествените потреби, со пазарот на трудот и со научните тенденции во областа на хуманистичките и образовните науки. Оттаму, сметаме дека Програмата за додипломски студии по Библиотекарство е целосно во функција на подигнување на нивото на образовната ефикасност и обезбедува профилирање на оспособени библиотекарски кадри кои ги поседуваат потребните компетенции за одржлив развој на библиотекарската практика и на современите библиотекарски информациски системи.

Кадровската оспособеност на библиотекарите кои се профилираат на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје овозможува вработливост на кандидатите во повеќе институции во владиниот и во невладиниот сектор и тоа: во владините институции, во архивите, во информативните агенции, во различни културни организации, музеи, библиотеки, истражувачки центри и др.

Кога се зборува за општествената оправданост за профилирање на кадри од областа на библиотекарството, неминовно е дека познавањето на начините на управување и манипулирање со информациските библиотекарски фондови се однесува на функционирањето на општеството како целина, но и на одделните општествени слоеви: образование, култура, политика, економија, социјални групи, читатели, техника, технологија и др. Научните сознанија од оваа област се одраз на научните настојувања да се воспостави каузална врска помеѓу образовните, историските, социолошките и комуникациските факти и настани на

начин што ќе овозможи да се сподели знаењето во поширокиот општествен контекст и да се поттикнува популацијата целисходно да ги користи различните извори на информации.

Усогласеноста на студиската програма по Библиотекарство со потребите на општеството може да се препознае во професионалниот ангажман на дипломираните библиотекари кој опфаќа широк спектар на библиотекарски, организациски, менаџерски, инструкциски и други активности во работењето на:

- Јавните библиотеки
- Академските библиотеки
- Специјаизираните библиотеки
- Училишните библиотеки
- Училишните библиотечни и медиумски центри
- Архивите
- Медиумите
- Колекционерските центри (центри на специјализирани колекции)
- Издавачката дејност
- Библиотечните корпорации, национални архиви или центри за менаџирање со информации (завод за статистика и сл.)
- Владините  и невладините информациски центри
- Информативните агенции
- Културните организации
- Музеите
- Истражувачките центри и др.

## Општи дескриптори на квалификации

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и  разбирање | - Покажува знаења и разбирање за педагошката, социјалната и за културната димензија на воспитно-образовната/културно-образовната установа.<br>- Познава, разбира и разликува воспитно-образовни и функционални цели во реализирањето на дејноста на воспитно-образовната/културно-образовната установа.<br>- Ги познава основните карактеристики и структурата на образовниот систем на РС Македонија како и на системската и институционалната поставеност на библиотеките.<br>- Познава, разбира и разликува основни законитости на воспитно-образовните влијанија.<br>- Познава и разбира нови факти, знаења и законитости поврзани со дејноста на воспитно-образовната/културно-образовната установа. |
| Примена на знаењето и разбирањето | - Оспособен е за академско читање и пишување, умее да ги применува нормите на правописот и правоговорот, умее да ја применува функционалната јазична писменост, ги препознава различните јазични стилови и е носител на јазичната норма на сите јазични рамништа.<br>- Применува јазична, математичка, медиумска, информациска и дигитална писменост.<br>- Применува современи воспитно-образовни техники и стратегии за работа во предучилиошн и установи, основни училишта и библиотеки.<br>- Применува истражувачки методи, техники и инструменти во воспитно-образовната и културно образовната дејност.<br>- Следи, поврзува и селективно применува нови научни факти и искуства поврзани  со воспитно-образовната и културно-образовната дејност. |
| Способност за проценка | - Умее да процени, да  избере и да користи содржини и активности за поттикнување на етичките доживувања и вреднувања.<br>- Познава, прифаќа и селектира стратегии за поддршка на мултикултурните вредности, мултикултурната и религиската толеранција, јазичниот и конфесионалниот плурализам.<br>- Умее да избира и да користи содржини и активности за поттикнување на креативноста, на позитивни чувства кон уметничкото творештво и кон естетското вреднување.<br>- Ги проценува моделите на воспитно-образовната работа и културно-образовната работа. |
| Комуникациски вештини | - Умее да комуницира на стандардната јазична норма на службениот (македонски) јазик и на својот мајчин јазик.<br>- Ја познава и ја користи терминологијата што е карактеристична за професијата.<br>- Користи комуникациски техники и стратегии за одржување на позитивни интеракциски односи во насока на мотивирање за(само) развој и за позитивни промени во воспитно-образовната и културно-образовната област. |

| | |
|---|---|
| | - Воспоставува и одржува ефикасна микропедагошка клима во институцијата.<br>- Користи информатичко-компјутерска технологија во размена на информации од стручен карактер. |
| Вештини за учење | - Ја познава, ја разбира и ја прифаќа својата професионална улога во современото општество, ги знае компетенциите што треба да ги поседува и ја разбира потребата од континуиран професионален развој.<br>- Умее да наоѓа, да обработува, да користи и да разменува стручни и научни информации од својата област.<br>- Ја разбира и ја прифаќа потребата од доживотно учење и применува стратегии за личен и професионален развој.<br>- Умее да селектира и да користи информации во интерес на осовременувањето на воспитно-образовниот процес и културно-образовната дејност. |

**Специфични дескриптори**

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | - Покажува знаење и разбирање од областа на библиотекарството.<br>- Покажува познавање и разбирање на институционалната поставеност на библиотеките.<br>- Покажува знаење за традиционалното и за електронското издаваштво.<br>- Покажува знаење и разбирање на социјалната и на културната димензија на библиотекарството.<br>- Познава, разбира и разликува образовни и функционални цели во реализирањето на содржините на библиотекарството.<br>- Знае и поседува вештини по ИКТ и други современи стратегии/ средства во библиотекарската дејност.<br>- Знае и разбира современи интеракциско-комуникациски страте-гии за стимулирање и промовирање на културата на читање.<br>- Поседува знаења од областа на педагогијата, социологијата на културата, комуникацијата, психологијата, методиката на воспитна работа.<br>- Покажува знаење за менаџирање со институции од областа на културата. |
| Примена на знаењето и разбирањето | - Поседува вештини за организирање, пребарување и пронаоѓање на библиотечна граѓа.<br>- Умее да применува знаење за каталогизација на библиотечна граѓа (книжни фондови, музикалии и сите други видови на библиотечна граѓа).<br>- Умее да применува знаење за класификација на библиотечната граѓа.<br>- Умее да применува знаење за дигитализација на библиотечната граѓа.<br>- Поседува умешност за формирање, организирање и управување со библиотечните фондови.<br>- Умее да применува знаење за користење на информатичката технологија во библиотеката.<br>- Поседува вештини за заштита на библиотеката и библиотечната граѓа. |

| | |
|---|---|
| | - Поседува вештини за организирање, пребарување, толкување и презентирање на библиотечните информации.<br>- Поседува вештини за соработка и за интерактивна комуникација со читателите и со корисниците на библиотечните услуги.<br>- Поседува умешност и комуникациски вештини за развивање на позитивните чувства кај децата и учениците за вредноста на книгата и нивно поттикнување т.е. мотивирање за читање.<br>- Умее да применува знаење за водење на збирки и фондови.<br>- Умее да спроведува научни истражувања во библиотекарството<br>- Поседува умешност за флексибилна употреба на знаењето во практиката.<br>- Умее да применува интерактивни аналитичко-синтетички методи во учењето и при решавањето проблеми.<br>- Умее да применува стратегии за идентификација на надарени деца и за работа со нив<br>- Умее да применува стратегии и да пребарува ресурси за развој на математичката писменост<br>- Умее да применува современи воспитни техники, методи и стратегии.<br>- Умее да организира креативни работилници во училишни библиотеки. |
| Способност за проценка | - Поседува знаење за наоѓање, обработување, користење и разменување на стручни и научни информации.<br>- Поседува знаење за (само) организирање и планирање.<br>- Поседува знаење за (само)иницијативност, (само)критичност и сигурност.<br>- Поседува умешност за етичност и уважување на постоењето на различните етички норми.<br>- Поседува умешност за естетско доживување и вреднување.<br>- Поседува умешност и вештини на рефлексивен практичар – примена на специфични истражувачки методи, техники и инструменти во библиотечната дејност.<br>- Поседува знаење за истражување, анализирање, реализирање и презентирање на стручна, научна и друг вид литература. |
| Комуникациски вештини | - Има умешност за соработка, размена на искуства и тимска работа.<br>- Има познавања за комуникација на стандардната јазична норма.<br>- Има познавања за одржување на академско ниво во стручната комуникација со лица од исти и други стручни профили.<br>- Поседува вештини за комуникација на јазикот на средината (на доминантната националност)<br>- Има умешност за соработка со локалната заедница, основните училишта, средните училишта, факултетите и други сродни институции.<br>- Умее да избере содржини и стратегии за воспоставување на позитивна комуникациска клима при реализација на својата библиотечна дејност.<br>- Има умешност за разбирање и за промовирање на мултикултурни вредности и мултикултурна толеранција кај читателите и корисниците на библиотечните услуги.<br>- Има познавања за разбирање на односите меѓу произведувачите, посредниците и корисниците на библиотечните информации.<br>- Има познавања за организирање и реализирање на дополнителни форми на работа во библиотеката (популаризација на книгата, доближување на книгата до најмладите итн.).<br>- Применува педагошки постапки за кооперативна и интерактивна комуникација и ги користи нив за развој на социјални и |

| | |
|---|---|
| | комуникациски вештини кај учениците (кооперативност, иницијативност, поддршка и слично).<br>- Познава и применува методи и принципи на воспитната работа, како и современи модели, вештини и техники за менаџирање. |
| Вештини на учење | - Поседува вештини за учење.<br>- Поседува свест за континуиран професионален развој.<br>- Има позитивен став кон иновации. |